**ДП. бр.342**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ), постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-48 од 11.01.2013 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Б.П. лично, по одржан претрес на ден 11.02.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**I.**

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител Б.П. именуван за подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево за сторена дисциплинска повреда чл. 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ,

ЗАТОА ШТО извршителот постапувајќи по поднесени барања за извршување заведени под И.бр.698/11, И.бр 699/11, И.бр 703/11 и И.бр 709/11 издал Налози за извршување врз основа на чл. 202 ст.1од ЗИ, И.бр.698/11 од 31.05.2011 година, И.бр.699/11 од 31.05.2011 година, И.бр.307/11 од 03.06.2011 година, И.бр.709/11 од 09.06.2011 година, по што го променил средството на извршување и извршувањето го спровел со попис, процена и продажба на подвижни предмети на должникот на 15.09.2011 година, но не ја деблокирал сметката на должникот, се до 02.02.2012 година.

со кои дејствија извршителот Б.П. постапил спротивно на чл. 205 ст.1 од ЗИ и сторил дисциплинска повреда "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон " па согласно чл. 54-б став 2 и со примена на правилата на казнено право за вонредно ублажување на казната на извршителот му се изрекува парична казна во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршител Б.П. утврдената парична казна да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлука

**II.**

**Се утврдува дека не сторил дисциплинска повреда** Извршител Б.П. именуван за подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчев, во врска со постапување по негов предмет И.бр.698/11, И.бр 699/11, И.бр 703/11 и И.бр 709/11

Со тоа што Извршителот Б.П. по спроведување на извршувањето врз подвижни предмети со попис, процена и продажба на предметите и по наплата на продажната цена во вкупен износ од _______,00 денари, дел од средствата добиени со продажбата на подвижните предмети во иснос од ________,00 денари ги уплатил на жиро сметката на должникот ДПУТЗ ________ ДООЕЛ Скопје, со цел на дознака за плати по И.бр.698/11, И.бр.699/11, И.бр.703/11, И.бр.709/11 со што не би постапил во согласност со член 35 став 4 од Законот за извршување со што БИ сторил дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 11 од Законот за извршување : "незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето "

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-48 од 11.01.2013 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот врз основа на извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-349 од 04.07.2012 година.

Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот Б.П., сторил дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ : "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон" и повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 11 од ЗИ: "незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето ". Предлагачот наведува дека извршителот постапувајќи по поднесени барања за извршување заведени под И.бр.698/11, И.бр 699/11 И.бр 703/11 И.бр 709/11 издал налози за извршување по сметка на должникот врз основа на чл.202 од ЗИ., И.бр.698/11 од 31.05.2011 година, И.бр.699/11 од 31.05.2011 година, И.бр.307/11 од 03.06.2011 година, И.бр.709/11 од 09.06.2011 година, по што го променил средството за извршување и извршувањето го спровел со попис, процена и продажба на подвижни предмети на должникот со Налог врз основа на член 86 од ЗИ од 15.09.2011 но, не ја деблокирал сметката на должникот се до 02.02.2012 со што постапил спротивно на член 205 став 1 од ЗИ.

Понатаму во предлогот се наведува дека извршителот по спроведување на извршување врз подвижни предмети со попис, процена и продажба на подвижни предмети и по наплата на продажната цена во вкупен износ од _________,00 денари дел од средствата добиени со продажбата на подвижните предмети во иснос од _________,00 денари ги уплатил на жиро сметката на должникот ДПУТЗ _________ ДООЕЛ Скопје, со цел на дознака за плати по И.бр.698/11, И.бр.699/11, И.бр.703/11, И.бр.709/11 со што не постапил во согласност со член 35 став 4 од Законот за извршување, па поради што се предлага извршителот да му биде утврдена дисциплинска одговорност и да му се изрече соодветна мерка по Законот за иавршување.

Извршителот Б.П. во своја одбрана изнесена во писмен одговор од 01.02.2013 година и на главен претрес истакна дека подносителите на претставката до Министерството за правда, уште пред да биде спроведен надзорот ги имаат повлечено своите претставки и од Комората на извршители и од Министерството за правда откако и самите подносители се увериле дека придонес за ПИО не може да се исплати на нивните трансакциони сметки како доверители. Извршителот истакна во одговор дека сите барања за извршување биле по основ на исплата на плати и неплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување без придонеси за вработување, придонеси за задолжително здравствено осигурување и персоналниот данок кои се составен елемент за исплата на плата согласно Законот за исплата на плата. Извршителот откако увидел дека по налозите по чл.202 нема никакви уплати од страна на должникот констатирал дека сметката на должникот е блокирана од УЈП поради неисплатени плати. Од ова причина извршителот го сменил средството за извршување и спровел извршување врз подвижни предмети со попис, процена и продажба на подвижни предмети на должникот со издавање на Налог за извршување по чл.86 ст.1 за предмет И.бр.699/11, односно средството било променето само за еден од предметите. Извршителот смета дека подносителот на предлогот погрешно го толкува членот 205 од ЗИ бидејќи тој не содржи обрска за извршителот туку само за носителот на платен промет да постапи по барање на извршителот, доколку такво барање постои. По спроведена јавна продажба на ден 01.02.2012 од должникот било доставено барање за повлекување на налози од причина што платите на вработените ќе биле исплатени по редовен пат за да не би дошло до двојно задолжување. Извршителот добил Известување бр. 06-2012 од должникот за начин на решавање на извршни предмети со кое се известува извршителот дека платите ќе се исплатат преку УЈП па должникот бара по одбивање на трошоците за извршување, извршителот да ги уплати средствата на сметка на должникот со назнака “за плати“. Извршителот постапил по ова Известување поради интересот на доверителите како и поради фактот што сопственик на должникот е РМ. Извршителот смета дека правилно постапил бидејќи станува збор за специфична ситуација од причина што доколку извршителот ги исплател парите од продажбата на сметка на доверителите ќе постапел спротивно на Законот за исплата на плата, од друга страна извршителот нема можност да ги чува парите на својата посебна сметка и е должен веднаш наредниот ден да му ги исплати на доверителот, а пак исплата за овие предмети преку УЈП интегрираниот систем за исплата на плати е невозможна бидејќи УЈП не доставува фолио број до извршителите.

Извршителот напоменува дека со уплатата на средствата на сметка на должникот чиј основач и сопственик е РМ не му овозможил да стекне противправна имотна корист бидејќи средствата биле уплатени наменски со назнака “за плата“ а доверителите пак од друга страна

биле намирени. Во целото постапување на извршителот тој ги нема вложено парите на доверителите за своја лична сметка, па оттука и наводите за незаконито располагање со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето смета дека се неосновани.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 11.02.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:
Извештај за извршен надзор УПП.бр.09- 09-349 од 04.07.2012 година;
Барање за извршување И.бр.698/11 од 31.05.2011 година;
Пресуда РО.бр.243/10 од 16.03.2011 година на Основен суд Кочани;
Известување за начин на решавање на извршени предмети И.бр. 698/11, И.бр.699/11 И.бр.703/11, И.бр. 709/11 од __________ ДООЕЛ Скопје
Извод бр.36 од 22.02.2012 година на Стопанска банка АД Скопје;
Извод бр.241 од 13.12.2011 година на Стопанска банка АД Скопје;
Извод бр.240 од 12.12.2011 година на Стопанска банка АД Скопје;
Извод бр.164 од 29.12.2011 година на Стопанска банка АД Скопје;
Извод бр.116 од 18.06.2012 година на Стопанска банка АД Скопје;
Извод бр.60 од 26.03.2012 година на Стопанска банка АД Скопје;
Извод бр.28 од 10.02.2012 година на Стопанска банка АД Скопје;
Извод бр.67 од 03.04.2012 година на Стопанска банка АД Скопје;
Извод бр.36 од 22.02.2012 година на Стопанска банка АД Скопје;
Доставница И.бр.709/11 за достава на барање за застанување до примач Л.Г.;
Повратница И.бр.698/11, 699/11, 703/11, 709/11 за достава на Барање за запирање со извршување од 01.02.2012 година ;
Доставница И.бр.703/11 за достава на барање за застанување до К.С.;
Доставница И.бр.696/11 за достава на барање за застанување до Т.З.;
Доставница И.бр.698/11 за достава на барање за застанување до Е.Т.;
Заклучок И.бр.698/11 од 22.09.2011 година на извршител Б.П. од Кочани;
Налог за извршување И.бр.698/11 од 15.09.2011 година на извршител Б.П. од Кочани;
Доставница за достава на налог до должник И.бр.698/11 од 19.09.2011 година;
Доставница за достава на налог И.бр.698/11 до Е.Т. од 06.06.2011 година;
Доставница за достава на налог И.бр.696/11 до Т.З. од 06.06.2011 година;
Доставница за достава на налог И.бр.703/11 до К.С. од 09.06.2011 година;
Доставница за достава на налог И.бр.709/11 до Л.Г. од 24.06.2011 година;
Изјава за начин на повраќај на дозначени средства за плата бр.3-2012 од 23.04.2012 година од __________ ДООЕЛ Скопје;

Барање за повлекување на налози за извршување бр.03-1 од 01.02.2012 година од _______ ДООЕЛ Скопје;

Записник за попис и процена на подвижни предмети И.бр.698/11 од 26.09.2011 година на извршител БП. од Кочани ;

Заклучок И.бр.709/11 од 22.11.2011 година на извршител Б.П. од Кочани;

Записник И.бр.698/11, 709/11 699/11 703/11 од 12.12.2011 година на извршител Б.П. од Кочани;

Повратница за достава на записник И.бр.698/11, 709/11 699/11 703/11 од 12.12.2011 година до _________ ДООЕЛ Скопје на ден 28.12.2011 година;

Барање за застанување со извршување И.бр.698/11 од 01.02.2012 година ;

Налог за извршување И.бр.703/11 од 03.06.2011 година ;

Барање за застанување со извршување И.бр.703/11 од 01.02.2012 година на извршител Б.П. од Кочани;

Налог за извршување И.бр.699/11 од 31.05.2011 година на извршител Б.П. од Кочани;

Барање за застанување И.бр.699/11 од 01.02.2012 година на извршител Б.П. од Кочани;

Налог за извршување И.бр.698/11 од 31.05.2011 година на извршител Б.П. од Кочани;

Заклучок за определување на вешто лице И.бр.698/11 од 28.09.2011 година на извршител Б.П. од Кочани;

Заклучок за начин на продажба И.бр. 698/11 од 22.11.2011 година на извршител Б.П. од Кочани;

Тековна состојба бр. 08-8/1798 од 16.06.2011 година на ЦРРМ;

Картица за блокада на сметка 300000002356457 од 18.08.2011 на Комерцијална банка АД Скопје;

Повлекување на претставка од Е.Т. и други до Министерство за правда ;

Известување П.бр.65/12 од 21.05.2012 година на Комора на извршители на РМ;

Изјава за начин на повраќај на дозначени средства за плата бр. 3-2012 од 23.04.2012 година од ________ ДООЕЛ Скопје;

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршител Б.П. од Скопје, вршејќи ја извршителската дејност, на ден 31.05.2011 година извршителот примил барање за извршување од доверител Е.Т. од Кочани заведено под И.бр.698/11 врз основа на извршна исправа Пресуда на Основен суд Кочани Ро.бр.243/10 од 16.03.2011 година со која се задолжува должникот ДПУТЗ _________ ДООЕЛ Скопје да му

плати на тужителот Е.Т. од Кочани на име неисплатени плати вкупно износ од ________,00 денар со камата, на име придонес за пензиско и инвалидско осигурување на тужителот според пресметка изготвена од Фондот за ПИОМ на денот на плаќањето, на име неисплатена испратнина износ од ________,00 денари со камата сметано од ден 16.01.2011 година до ден на исплатата, како и да му ги надомести трошоците на постапката во износ од _______,00 денари. На ден 31.05.2011 година извршителот примил барање за извршување од доверителот Т.З. од Кочани, заведено под деловоден број И.бр.699/11, врз основа на извршна исправа Пресуда на Основен суд Кочани Ро.бр.242/10 од 24.03.2011 година со која се задолжува должникот ДПТУТЗ _______ ДООЕЛ Скопје да му плати на тужителот Т.З. од Кочани на име неисплатени плати износ од ________,00 денари со камата, на име придонес за пензиско и инвалидско осигурување на тужителот според пресметка изготвена од Фондот за ПИОМ на денот на плаќањето, како и да му ги надомести трошоците на постапката во износ од _______,00 денари.

На ден 02.06.2011 година извршителот примил барање за извршување од доверителот К.С. од Кочани заведено под И.бр. 703/11 врз основа на извршна исправа Пресуда на Основен суд Кочани Ро.бр.244/10 од 13.04.2011 година со која се задолжува тужениот ДПТУТЗ _______ ДООЕЛ Скопје да му плати на тужителот К.С. од Кочани на име неисплатени плати износ од ________,00 денари со камата, на име неисплатени плати износ од ________,00 денари со камата, на име неисплатени придонеси од плата за пензиско и инвалидско осигурување на тужителот износ од ________,00 денари.

На ден 08.06.2011 година извршителот примил барање за извршување од доверителот Л.Ѓ. заведено под И.бр.709/11 врз основа на извршна исправа Пресуда на Основен суд Кочани Ро.бр.26/11 од 26.04.2011 година со која се задолжува тужениот ДПТУТЗ _______ ДООЕЛ Скопје да му плати на тужителот Л.Ѓ. од Кочани на име неисплатени плати износ од _________,00 денари, со камата, на име неисплатени придонеси од плата за пензиско и и инвалидско осигурување на тужителот во износ од ________, 00 денари со камата, како и да му ги надомести трошоците на постапката во износ од ________,00 денари.

Постапувајќи по барањата за извршување извршителот издал налози за извршување ( од сметака на должникот врз основа на член 202 став 1 од Законот за извршување) И.бр.698/11 од 31.05.2011 година, И.бр.699/11 од 31.05.2011 година, И.бр.307/11 од 03.06.2011 година, И.бр.709/11 од 09.06.2011 година и од 20.06.2011 година.

На ден 15.09.2011 година извршителот издал Налог за извршување ( врз основа на член 86 ст.1 од ЗИ, И.бр.698/11 со кој му наложил на должникот ДПТУТЗ ________ ДООЕЛ Скопје во рок од три дена по приемот на налогот да му го исплати на извршителот во име и за сметка на доверителот Е.Т. од Кочани долгот по извршната исправа Пресуда на Основниот суд Ро.бр.

243/10 од 16.03.2011 година, во спортивно ќе пристапи кон попис, процена и пленидба на предмети. Извршителот налогот за извршување го доставил до должникот на ден 19.09.2012 година.

На ден 26.09.2011 година извршителот пристапил кон попис на подвижни предмети на должникот, за што изготвил Записник за попис и процена на подвижни предмети (врз основа на член 94 и член 95 од Законот за извршување ) И.бр.698/11 од 26.09.2011 година.

На ден 28.09.2011 година извршителот донел Заклучок за определување на вешто лице кое ќе врши процена на подвижните ( врз основа на член 164 став 1 од Законот за извршување) .

На ден 22.11.2011 година извршителот донел Заклучок за начин на продажба на попишаните предмети ( врз основа на член 97 став 2 од Законот за извршување) и Заклучок за продажба на предмети со усно јавно наддавање ( врз основа на член 96 и член 97 став 1 од Законот за извршување) .

На ден 12.12.2011 година била одржана усна јавбна продажба на предмети со усно јавно наддавање ( врз основа на член 97 став 1 од Законот за изваршување) на која биле попишани подвижни предмети за цена во вкупен износ од ________,00 денари.

На ден 01.02.2012 година извршителот примил по факс барање од должникот извршителот да ги повлече налозите за извршување од сметка на должникот, за да не дојде до двојно задолжување, со оглед на тоа што извршувањето продолжило со други средства на извршување, и дека истите ќе биле исплатени по редовен пат.

На ден 02.02.2012 година извршителот доставил до носителот на платен промет Комерцијална банка АД Скопје, барање за застанување со извршување по налозите за извршување од сметка на должникот И.бр.698/11, И.бр.699/11, И.бр.703/11 и И.бр.709/11, така што понатаму да не се врши издвојување на парични средства од таа сметка, бидејќи извршувањето ќе се спроведе со друго средство за извршување. Извршителот на ден 10.02.2012 година од својата посебна сметка префрлил средства на сметката на должникот ДПУТЗ ________ ДООЕЛ Скопје во износ од ________,00 денари со цел на дознака “за плати по И.бр.698/11, И.бр.699/11, И.бр.703/11 и И.бр.709/11.

На ден 25.04.2012 година извршителот бил известен со Изјава за начин на повраќај на дозначени средства за плата бр.3-2012 од 23.04.2012 година од должникот ДПУТЗ _________ ДООЕЛ Скопје, дека откако извршителот Б.П. извршил уплата на средства за плати, од страна на друг извршител од сметката на должникот биле симнати сите парични средства и должникот не можел да ја исполни ветената обврска кон извршителот Б.П.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за делот од предлогот за дисциплинска постапка кој се однесува на преземање дејствија кои не се предвидени или се

спротивни на овој закон , утврди дека извршителот со тоа што иако во предмет И.бр.698/11 го променил средството за извршување на ден 15.09.2011 година со Налог за извршување И.бр.698/11 врз основа на член 86 ст.1 од ЗИ, тој го доставил Барањето за застанување со извршување до носителот за платен промет Комерцијална банка АД Скопје на ден 02.02.2012 година, што е спротивно на член 205 од ЗИ, и на тој начин сметката на должникот останала блокирана иако во меѓувреме извршувањето се спроведувало со попис и продажба на подвижни предмети, со што извршителот ја сторил дисциплинската повреда која му се става на товар по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за делот од предлогот за дисциплинска постапка кој е со наводи дека извршителот по спроведување на извршување и по наплата на продажната цена, уплатил на сметката на должникот со цел на дознака за плати по И.бр.698/11, И.бр.699/11, И.бр.703/11, И.бр.709/11 со што не постапил во согласност со член 35 став 4 од Законот за извршување, утврди дека извршителот не сторил дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 11 од ЗИ. Извршителот не сторил повреда „незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето“ кога ги уплатил средствата добиени од продажбата на подвижните предмети на должникот на сметката на должникот, а со цел на дознака “ за плати “ , од причина што извршителот немал законски основ да ги чува овие средства на својата сметка а доколку извршителот постапел согласно член 35 став 4 од ЗИ и ги исплател парите од посебната сметка на сметка на доверителите ќе постапел спротивно на Законот за исплата на плата, а пак исплата за овие предмети преку УЈП интегрираниот систем за исплата на плати била невозможна бидејќи УЈП не доставува фолио број до извршителите во случаи кога се постапува по пресуди во кои се досудени неисплатени плати и придонеси со задолжение Фондот за ПИОМ да изврши пресметка на висината на придонесите.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека на извршителот досега не му е изрекувана дисциплинска мерка, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка . Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 11.02.2013 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител Б.П. од Кочани да плати на име парична казна износ во висина од 1.500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.200002470422279 во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.